INTEGRATED BUSINESS INSTITUTE
ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА

# Конкурс за студентска мобилност во рамки на Еразмус + програмата за летниот семестар

Согласно Erasmus + Повелбата за Високо Образование (Erasmus Charter for Higher Education) за периодот 2014-2020 година бр. 268278-EPP-1-2014-1-MK-EPPKA3-ECHE и склучените меѓуинституционални Еразмус договори, Институтот за бизнис економија објавува конкурс за студентска мобилност во рамки на Еразмус + програмата, за избор на студенти за студентски престој во времетраење од еден семестар во летниот семестар во академската 2018/2019 година.

Мобилноста се остварува во рамките на високообразовни установи со кои ИБЕ има склучено институционални договори (Види листа на Еразмус + договори)

Услови за избор:

1. Студентот да има статус на редовен студент на Институтот за бизнис економија;
2. Остварениот успех за време на досегашното студирање;

Заинтересираните кандидати потребно е да ја достават следната документација:

1. апликација
2. пополнет договор за учење или пракса;
3. кратка биографија;
4. мотивациско писмо и
5. потврда за редовен студент
6. уверение на положени испити;

Студентите, исто така имаат можност да аплицираат за студентска пракса. За сите информации, студентите може да се обратат кај Еразмус+ координаторот, м-р Љупчо Вангелски. Според правилата за Еразмус+ мобилост, студентите пред заминување на мобилност задолжително треба да полагаат за јазична лиценца.

Заинтересираните кандидати може да се обратат за информации кај Еразмус координаторот м-р Љупчо Вангелски, до кого се доставуваат документите за аплицирање.

**Роковите за аплицирање е 15.11.2018 до 04.12.2018 декември за летен семестар.**